Бр./Nr. 09-1030/2
22.05 2026 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for Development of Education

До

м-р Роберт Аџипетров, директор

Педагошка служба

Министерство за образование и наука

Предмет: Стручно мислење за шифриран ракопис за учебник – Јазик и култура на Ромите (изборен) за VII одделение во основно образование

Почитуван,

Во Бирото за развој на образованието се разгледа вашиот допис со бр. 26-52/11 од 28.4.2026 година, евидентиран во Бирото под бр. 09-1030/1 од 28.4.2026 година, во кој доставувате шифриран ракопис за учебник - Јазик и култура на Ромите (изборен) за VII одделение во основно образование, за што Ви доставуваме стручно мислење во прилог.

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 22 MAY 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 52/12 | | |

Директор

м-р Милка Тримчевска

Изготвила: Надворешен соработник со Договор за ангажирање надворешен соработник бр.03-1082/2 од 20.5.2026 година

Контролирала: м-р Афродита Давко, раководител на одделение

Одобрила: Ајше Ајрулаи, раководител на сектор

Стручно мислење

Вреднувањето на учебникот по предметот Јазик и култура на Ромите (CHIB THAJ KULTURA E ROMENGIRI) (изборен) за VII одделение во основно образование е направено според Методологијата за вреднување учебници, приложена од страна на Бирото за развој на образованието.

1. Усогласеност со наставната програма

- Учебникот ги содржи темите/подрачјата/модуларните единици предвидени со наставната програма. Во однос на програмата за изборниот предмет Јазик и култура на Ромите за VII одделение, таа е поделена во три нивоа односно: Јазик ( кој го вклучува и граматичкиот дел), изразување и творење и културата на Ромите. Овој учебник во целост ги опфаќа планираните наставни единици на наставната програма.
- Според направената анализа на содржината на учебникот кој е предмет на вреднување, учебникот ја следи наставната програма во поглед на застапеноста на предвидените цели/резултати од учењето. Како што е изучувањето на ромскиот јазик и запознавање со културните карактеристики на Ромите, способност за поврзување на стекнатите знаења, развивање на навиките за активно слушање, говорење, читање и пишување, како и запознавање со важноста од интеркултурниот дијалог и почитување на различностите.
- Во учебникот се разработени сите поими предвидени со наставната програма.

2. Избор и приказ на содржините

- Во однос на прикажаните содржини и активности во учебникот тие се организирани во лекции (помали целини) секоја лекција има соодветен наслов, кој соодветствува со поставената содржина,
- Сите лекции ги содржат следните елементи: основен текст, дополнителен текст, илустрации и активности за учениците, како што е сет од прашања за дадената тема, домашна задача , пополнување или комплетирање на текст во реченицата итн.

- Примерите и илустрациите во учебникот се во функција на наставните содржини и се прилагодени на учениците,
- Учебникот не содржи стереотипи за различни социјални групи и не поттикнува предрасуди (врз основа на пол, родов идентитет, сексуална ориентација, етничка и религиска припадност и припадност на ранлива или маргинализирана група),
- Во учебникот се искористени сите можности, преку содржините (текстовите и/или илустрациите), во позитивно светло да се претставаат лица на различна возраст, со различни видови попреченост и со различен социјален статус,
- при прикажување на ликови од историјата и/или автори кои придонеле за културниот и научниот развој, секогаш се наведуваат и жени, во случајов тоа се успешни жени Ромки.
- Содржините и активностите во учебникот го одразуваат мултиетничниот состав на државата, промовираат почитување на сите етнички заедници во државата и ја поддржуваат меѓуетничката интеграција.

Забелешка: на страна 118 и 119 е прикажан текст со наслов „Вистински живот" (Xas dzivdipe), истиот е дел од темата книжевност и култура, иако содржински темата го отсликува вистинскиот живот на жената Ромка и важноста од образованието на девојчињата, **сепак крајот од текстот содржи непристојни зборови, за кои предлагам да се отсранат и не се соодветни за учебник.**

3. Поврзаност со учењето и поучувањето

- Во прегледот на содржината на учебникот се наведени сите теми/модуларни единици и лекции покриени со учебникот. Соодветно се прикажува културата и животот на Ромите, традицијата и вредностите на истите.
- Сите непознати зборови се јасно објаснети. Сите клучни поими предвидени со наставната програма се јасно истакнати и објаснети. На крајот од учебникот е направен и речник со објаснување на непознатите зборови во учебникот.
- Сите лекции содржат прашања што им помагаат на учениците да утврдат колку ги совладале наставните содржини/цели. Во прашањата се содржани и насоки за барање на одговорите. Како што е наведено погоре, прашањата и активностите зададени во секоја од лекциите содржат целосна поврзаност со текстот и материјалот кој се изучува.

- Учебникот ги поттикнува учениците со различни предзнаења да ги проширувaат и продлабочуваат знаењата од предметот.

4. Јазик и стил

- Во сите лекции, основниот текст е поделен во пасуси. Секој пасус е организиран околу една носечка идеја.
- Должината и конструкцијата на речениците во целиот текст на учебникот одговара на возраста на учениците.

Забелешка: учебникот има многу печатни грешки за кои сметам дека авторот ќе биде известен и истите ќе се коригираат. Исто така, во графичкиот дел текстот не е во границите на форматот, па делови од текстот не се читаат.

Во целост учебникот ги задоволува стандардите за учебник за VII одделение по предметот Јазик и култура на Ромите, запазени се побарувањата од наставната содржина и програма приложена претходно, замолувам моите забелешки да бидат земени во предвид. Генерално, моето мислење е позитивно.

Изработила: Сузана Кадри, надворешен соработник на БРО